РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2256/1
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3156/1 од 02.12.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско и поврзано постапување на институции по предмет со решение за денационализација донесено во 2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за во конкретниот случај станува збор за повреда на права кои подносителите можат да ги остварат во судска постапка, а воедно за пријавените дејствија постапиле други надлежни органи – Управен и Виш управен суд на Република Северна Македонија и по однос на одлуките донесени од нивна страна.

Предметот со број 12-3156/1 од 02.12.2025 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.12.2025 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско и поврзано постапување на институции по предмет со решение за денационализација донесено во 2021 година, по која е оформен предмет број 12-3156/1 од 02.12.2025 година.
Предметните наводи се однесуваат за злоупотреба на службената положба и несовесно работење од страна службени лица членови на Комисијата за одлучување по барања за денационализација на општините ---------, -----------, --------- -------------, -----------, ---------- и ---------- со седиште во општина ------------, во спроведена

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапка за денационализација заведена под број ДН -- - -- - ---од 22.04.2004 година по однос на која било донесено Решение ДН бр. -- - -- - ----/- - -- - од 27.05.2021 година, како и против Државното правобранителство на РСМ, Управен суд и Виш управен суд на РСМ, поради погрешна примена на материјалниот закон со што биле повредени правата на оштетените т.е. барателите на денационализација и странки во постапката, а кои се подносители на пријавата.

При разгледувањето на пријавата и целокупната документација доставена кон истата, констатирано е следното:

-Комисијата за одлучување по барања за денационализација на општините ---------, -----------, ---------------------, -----------, ---------- и ---------- со седиште во општина ------------, во спроведена постапка за денационализација заведена под број ДН -- - -- - --- од 22.04.2004 година донела Решение ДН бр. -- - -- - ---/- - -- - од 27.05.2021 година, со кое барањето на подносителите се уважува и им се враќа во сопственост на барателите согласно нивните наследни делови утврдени во наследно то решение од 17.06.2004 година.
По правосилноста на ова Решение, имотот требало да се евидентира во Агенција за катастар на недвижности и да се предаде во владение на барателите.
- По однос на предметното Реѓение била поднесена тужба од тужителот Република Северна Македонија застапувана од Државното правобранителство на РСМ за подрачје Скопје, по која Управниот суд донел Пресуда со кое тужбата на тужителот по однос на барањето за поништување на донесеното Решение на Министерството за финансии на РСМ број ДН бр. -- - -- - ----/- - -- - од 27.05.2021 година е одбиена како неоснована.
Вишиот управен суд, на 23.01.2025 година, одлучувајќи по жалбата поднесена од тужителот Република Северна Македонија застапувана од Државното правобранителство на РСМ за подрачје Скопје, поднесена против пресудата на Управниот суд на РСМ со број У-2 бр.---/---- од 01.12.2022 по основ на денационализација има донесено Пресуда УЖ-1 бр.---/-----, со која жалбата на тужителот Република Северна Македонија застапувана од Државното правобранителство на РСМ за подрачје Скопје се уважува со што донесената пресуда на Управниот суд се преиначува и донесеното Решение за денационализација број -- - -- - ----/- - -- - од 27.05.2021 година се поништува. Предметот бил вратен на Управен суд заради доставување на одлуката донесена од Вишиот управен суд до странките во постапката.
Барателите на денципналицација како стрнки во постапката биле известени на 24.04.2025 година.

Незадоволни од постапувањето на институциите во предметната постапка за денационализација во која им биле повредени нивните права, подносителите бараат ДКСК да постапи согласно нејзините законски надлежности во разрешување на овој нивен случај.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за повреда на права кои подносителите можат да ги остварат во судска постапка, а воедно за пријавените дејствија постапиле други надлежни органи – Управен и Виш управен суд на Република Северна Македонија и по однос на одлуките донесени од нивна страна, ДКСК нема надлежност да постапува.

Оттаму, ДКСК што оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата